SYMPOSION

А Г Е Н Д А

за интерактивен семинар на тема:

ОПЕРАЦИОНАЛИЗИРАЊЕ И ИНТЕГРИРАЊЕ НА БАРАЊА, КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И СТАНДАРДИ ВО ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

(21–23 ноември во Hotel La Terrazza – Стар Дојран)

ПРВ ДЕН

Четврток, 21 ноември

11.00–12.00 Пристигнување и сместување во хотелот

12.00–13.30 УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

Воспоставувањето на соодветни критериуми за способност на економските оператори е предуслов за избор на способен понудувач кој ќе овозможи непречено реализирање на склученото договор за јавна набавка!

- *Како се утврдува способноста во однос на тоа дали постојат причини за исклучување од постапката;*
- *Утврдување на способноста во однос на тоа дали се исполнети условите за квалитативен избор;*
- *Утврдување на способноста во однос на тоа дали се исполнети стандардите за системи за квалитет;*
- *Утврдување на способност во однос на тоа дали се исполнети стандардите за управување со животна средина;*
- *Начини на користење на способноста од други субјекти;*
- *Начини за докажување на способност кај групна понуда.*

13.30–14.30 Ручек

14.30–16.00 УПРАВНА КОНТРОЛА

Бирото за јавни набавки има нова надлежност, вршење управна контрола на постапките за јавни набавки. Во управната контрола се утврдуваат неправилности кои може да влијаат врз исходот на постапката и се даваат инструкции што треба да преземе договорниот орган за да ги отстрани неправилностите или да ја поништи постапката.

- *Начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управна контрола;*
- *Објаснување на процесот на вршење управна контрола;*
- *Права и обврски на договорниот орган во однос на управната контрола;*

- *Најчести наоди во управната контрола;*
- *Како да ги имплементирате укажувањата од управната контрола;*
- *Какво влијание има УК на ЕО, т.е. на исходот од постапката во која учествувал ЕО.*

16.00–16.30 Кафе-пауза

16.30–17.30 Анализа на конкретни прашања и дилеми од практиката, предложени од страна на учесниците

За ефикасно, флексибилно и транспарентно спроведување на постапките за јавни набавки, особено значајно, освен правилната примена на одредбите од законот и подзаконските акти, е и навремено осознавање на решенија за справување со секојдневните предизвици со кои се соочувате!

- *Нудење решенија со цел донесување на конкретни применливи одлуки.*

19.30–20.30 Вечера

Втор ден

Петок, 22 ноември

07.00–10.00 Појадок

10.00–11.30 Користење способност од друг субјект vs. подизведување

За правилно спроведување на постапките за јавни набавки, особено значајно е правењето на јасна дистинкција помеѓу користењето способност од друг субјект наспрема подизведувањето. Ова разликување ќе помогне во отстранување на дилемите на кои наидувате и успешно завршување на постапките!

- *Утврдување на способноста на субјектот што ја дава поддршката;*
- *Утврдување на способноста на произведувачите;*
- *Во кои случаи субјектот што ја дава поддршката станува подизведувач;*
- *Кои услови за утврдување способност можат да бидат подржани од друг субјект;*
- *Што доколку во текот на реализацијата на договорот дојде до промена на подизведувачот;*
- *Начини за докажување на користење на поддршка од друг субјект.*

11.30–12.00 Кафе-пауза

12.00–13.30 Нови функционалности на ЕСЈН и најчести грешки при користењето на системот

Електронскиот систем за јавни набавки е надграден со нови функционалности, согласно новиот закон за јавни набавки.

- *Новости и измени во ЕСЈН;*
- *Како правилно да ги користите новите функционалности на ЕСЈН:*
  - *Планови за јавни набавки;*
  - *Квартални евиденции;*
  - *Измена на склучен договор;*
  - *Известување за доброволна транспарентност;*
  - *е-Жалби;*
  - *Преглед на документација во рокот за вложување на жалба;*
  - *Евидентна книга на ЕСЈН и др.;*
- *Најчести грешки при користењето на системот.*

13.30–15.00 Ручек

15.00–16.30 АНАЛИЗА НА КОНКРЕТНИ ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ ОД ПРАКТИКАТА, ПРЕДЛОЖЕНИ ОД СТРАНА НА УЧЕСНИЦИТЕ

За ефикасно, флексибилно и транспарентно спроведување на постапките за јавни набавки, особено значајно, освен правилната примена на одредбите од законот и подзаконските акти, е и навремено осознавање на решенија за справување со секојдневните предизвици со кои се соочувате!

- *Нудење решенија со цел донесување на конкретни применливи одлуки.*

19.00–21.00 Пригодна вечера за затворање на семинарот со музичка програма

ТРЕТ ДЕН
Сабота, 23 ноември

07.00–08.00 Појадок и напуштање на хотелот

*Агендата на семинарот вклучува и организирана посета на Солун, со вклучен превоз и туристички пратител. Во попладневните часови – поаѓање за Стар Дојран.

ПРЕДАВАЧИ

Рита Глигоријевска, м-р на правни науки – Раководител на Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи во Бирото за јавни набавки, со долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, концесиите и јавно-приватното партнерство. Коавтор на повеќе книги, прирачници и брошури од областа на јавните набавки. Задолжена за следење на примената на законската и подзаконската регулатива за јавни набавки и предлагач на измени и дополнувања на истите.

М-Р ДРАГАНА ТАСЕВСКА, м-р на економски науки – вработена во Бирото за јавни набавки во Одделението за анализа, следење на системот за јавни набавки и унапредување на ЕСЈН. Коавтор на повеќе прирачници и брошури од областа на електронските јавните набавки и е сертифициран обучувач за јавни набавки.